Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 25 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а на предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден __.11. 2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес
за поддршка на младите во 2027 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот и друго;
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон поддржување на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

(предлог) Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година		
Бр.	**Назив**	**Предвидени средства**

1	**АКТИВНОСТИ**	**600.000,00**
1.1.	Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес	100.000,00
1.2.	Поддршка на активности на Младински центар во Велес	500.000,00
ВКУПНО		**600.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2027 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година претставува континуитет од Програмата во 2026 година.

Општина Велес ги имплементира законските одредби произлезени од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа се овозможува поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, преку реализирање на активности од годишната Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2027 година, како и преку реализирање на активности од годишната Програма за работа на Младинскиот центар. Сето тоа овозможува создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади, но и на поединци, со цел реализирање активности чија целна група се младите од Општина Велес.

Преку учеството во партнерски проекти со организации за млади и младински организации и/или младински чадор организации, со меѓународни организации и други партнери, Општина Велес овозможува поддршка и афирмација на волонтерското работење, младинскиот активизам и генералната поддршка на младите од градот и целата територија на Општина Велес.